**Република Северна Македонија**
**Министерство за правда**

Сектор за меѓународна правна соработка

# ИНФОРМАЦИЈА

со извештај за реализација на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2020 година („Службен весник Република Северна Македонија“ бр.17/20)

**Скопје, Јануари 2021 година**

Во член  152 од Законот за правда за децата ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/13, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19 и 275/19), се уредува правото на обесштетување на дете кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство.

Доколку му е признато имотноправно побарување, детето жртва или оштетен може да поднесе барање за обесштетување до надлежниот суд, кога поради фактички или правни пречки имотнотоправно побарување не може да се изврши од имотот на сторителот на кривичното дело или другиот акт на насилство и кога од правосилноста на одлуката за имотноправното побарување изминале повеќе од шест месеци.

Согласно член 152 став 4 од Законот, конечното решение за исплата на обесштетувањето судот го доставува до Министерството за правда кое ја извршува исплатата.

За реализација на правото на обесштетување на дете жртва или оштетен, согласно член 151 од Законот се издвојуваат средства во рамките на буџетот на Министерството за правда. Министерот за правда, по претходно прибавено мислење од Државниот совет за превенција на детско престапништво, донесува годишна програма со која ги планира изворите и начинот на трошење на  овие средства.

Имајќи ги предвид овие законски одредби а во насока на остварување на правото на обесштетување на дете жртва или оштетен, Министерот за правда донесе Програма за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2020 година („Службен Весник на РМ“ бр.17/20).

Висината на средствата за реализација на истата се определија во износ од 1.000.000,00 денари предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година односно Министерството за правда.

Во дел V од Програмата се утврдува дека: "Од страна на Министерството за правда до Владата на Република Северна Македонија се доставува извештај за реализација на средствата од оваа програма, најдоцна до 31 јануари 2021 година. "

Имајќи ја предвид оваа одредба, известуваме за следното:
Во текот на 2020 година до Министерството за правда доставени се две барања за надомест на штета на дете жртва или оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, од Основен суд Битола.

I. Барањето, односно предметот бр. П4-9/19 од 31.01.2020 година, од Основен суд Битола, Министерството за правда со Решение за исплата на надомест на штета на дете жртва на кривично дело бр.14-356/6 од 20.02.2020 година, му исплати на дете жртва сума во износ од 800.000,00 денари на име на надомест на признато имотно правно барање. Исплата е извршено во рамки на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.17/20).

II. Барањето, односно предметот со бр. П4-4/15 од 01.10.2015 година е во тек.